Врз основа на Законот за платежни услуги и платни системи и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, како и член 50 став 1 алинеја 8 од Статутот на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје, Управниот одбор на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД, Скопје, на VI-та седница одржана на 26.03.2025 година, донесе

# Правила за работа на платниот систем КИБС

**Верзија:** 5.0

11.73

**КИБС АД Скопје**

© КИБС АД Скопје, сите права задржани

https://www.kibs.mk

## Содржина


1. Опис на платниот систем КИБС и улога на операторот КИБС АД Скопје ..... 4
2. Преглед на поврзани документирани информации ..... 4
3. Општи правила на платниот систем КИБС ..... 5
   3.1. Учество во платниот систем КИБС ..... 5
   3.2. Размена на податоци во платниот систем КИБС ..... 6
   3.3. Термински план на платниот систем КИБС и Календар на работни денови на КИБС ..... 7
4. Внесување, пресметка и порамнување на налозите за пренос во платниот систем КИБС ..... 7
   4.1. Внесување, пренос на налози и пресметка ..... 7
   4.2. Порамнување ..... 8
      4.2.1. Конечност на порамнување ..... 8
      4.2.2. Постапки за разрешување на неуспешно порамнување ..... 9
5. Управување со ризици кај платниот систем КИБС ..... 10
   5.1. Оперативен ризик и ризик од сигурноста на информацискиот систем ..... 10
   5.2. Ликвидносен ризик ..... 111
   5.3. Гарантен механизам во платниот систем КИБС (РГФ) ..... 111
      5.3.1. Управување со РГФ ..... 12
      5.3.2. Издвојување и одржување на средства во РГФ ..... 122
      5.3.3. Користење на средства од РГФ ..... 144
      5.3.4. Враќање на искористени средства во РГФ ..... 144
      5.3.5. Завршување на задолжувањата кон РГФ ..... 144
      5.3.6. Статусни промени на операторот и учесник во РГФ ..... 144
      5.3.7. Известување за промени во РГФ ..... 14
   5.4. Неисполнување на договорните обврски од страна на учесник, исклучување на учесник и раскин на договорот за учество во платниот систем КИБС ..... 155
6. Права и обврски на операторот на платниот систем КИБС и учесниците во платниот систем КИБС ..... 166
7. Измени и/или дополнувања на Правилата ..... 18
8. Платни инструменти ..... 18
9. Надоместоци на операторот на платниот систем КИБС ..... 18
10. Користење и заштита на информациите ..... 18
11. Време на чување на информациите ..... 19
12. Обелоденување на правила и податоци ..... 19
13. Начин на комуникација и контакт лица ..... 19
14. Рекламации ..... 20

15. Ниво на услугата ..........20
16. Сопственички и авторски права ..........20
17. Завршни одредби ..........211

**Опис на платниот систем КИБС и улога на операторот КИБС АД Скопје**

1. Платниот систем КИБС е платен систем за трансфер на средства од сметка на сметка, базирани на кредитни трансфери на мали плаќања во денари, меѓу давателите на платежни услуги (во понатамошниот текст - плаќања), со нивно мултилатерално пребивање и одложено нето порамнување.
2. Клириншката Куќа – Клириншки Интербанкарски Системи АД Скопје или КИБС АД Скопје е оператор и управува со платниот систем КИБС врз основа на дозвола добиена од страна на Народната банка (во понатамошниот текст НБ) и е запишан во Регистарот на оператори на платни системи кој е јавно достапен на веб-страницата на НБ.
3. Платниот систем КИБС е учесник во платниот систем МИПС, а НБ е агент за порамнување на платниот систем КИБС.
4. Правната рамка за работата на платниот систем КИБС е регулирана со Законот за платежни услуги и платни системи (во понатамошниот текст Законот), како и подзаконските акти донесени од НБ и други релевантни субјекти.
5. Платниот систем КИБС е категоризиран од страна на НБ според исполнувањето на критериумите за класификација на платните системи согласно Одлука за критериумите за класификација на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам.
6. Операторот на платниот систем КИБС дејствува како клириншка куќа за платниот систем кој го управува, во согласност со Законот.
7. Платниот систем КИБС применува прифатени процедури за комуникација и стандарди за домашните кредитни трансфери усогласени помеѓу засегнатите страни дефинирани во Упатство за вид, форма и начин на размена на податоци.

**Преглед на поврзани документирани информации**

- Закон за платежни услуги и платни системи (Законот)
- Закон за заштита на лични податоци
- Правила за работа на МИПС
- Одлука за критериумите за класификација на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам
- Одлука за издавање дозвола и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платни системи
- Одлука за начинот на вршење надзор над работењето на давателите на платежни услуги, издавачите на електронски пари, нивните агенти, операторите на платните системи и на надворешните лица
- Одлука за горната граница на износот на плаќања со мала вредност
- Одлука за видот на извештаите за работењето на платните системи и начинот и роковите за нивно доставување
- Одлука за содржината, начинот, формата и роковите за доставување и објавување на податоците и информациите за платежната статистика

- Упатство за доставување податоци и информации за платежната статистика
- Упатство за содржината и формата на извештаите за работењето на платните системи
- 11.12 Тарифа на надоместоци за извршени услуги
- 13.01 Упатство за вид, форма и начин на размена на податоци
- 13.02 Техничко упатство за поврзување со платниот систем КИБС
- 33.08 Учество во платниот систем КИБС
- 11.75 Календар на работни денови на КИБС
- 11.23 План за непрекинатост во работењето на КИБС

**Општи правила на платниот систем КИБС**

8. Платниот систем работи според овие правила утврдени од операторот на платниот систем КИБС. Правилата за работење на платниот систем КИБС содржат:

- услови за учество во платниот систем, начин и услови за вклучување на нови учесници и за времено или трајно исклучување на учесниците од платниот систем КИБС;
- права и обврски на операторот на платен систем и учесниците во платниот систем КИБС;
- начин на пренесување на налози за пренос, начин на проверка на исправноста на налозите за пренос и временски рок за известување во случај на одбивање на налог за пренос;
- момент на внесување и неотповикливост на налог за пренос;
- термински план според кој работи платниот систем КИБС;
- валути на кои може да гласат налозите за пренос во платниот систем КИБС;
- постапка за пресметување на финансиски обврски кои произлегуваат од налозите за пренос, врз основа на клиринг и/или порамнување меѓу учесниците во платниот систем КИБС и за известување на учесниците за клирингот и/или порамнувањето и
- правила за управување со оперативните ризици, ризикот од сигурноста на информациските системи, ризикот при порамнување и други ризици во платниот систем КИБС.

**Учество во платниот систем КИБС**

9. Учесник во платниот систем КИБС може да биде:

- банка, согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на банките,
- штедилница, согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на штедилниците,

- филијала на странска банка согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на банките,
- Народната банка,
- Трезорот,
- Трезорот на Фондот,
- платежна институција, која добила дозвола за давање платежни услуги од гувернерот на НБ согласно закон и
- институција за електронски пари која добила дозвола за издавање електронски пари согласно закон.

10. Учесникот наведен во точка 9 треба да ги исполнува и следните услови за учество во платниот систем КИБС:
    - да пристапува како директен учесник и
    - истовремено да учествува во платниот систем како иницијатор и примач на налози за пренос, освен трезорите и НБ.
11. Учесникот е должен да:
    1. Ги исполни условите од овие Правила и останатите акти на платниот систем КИБС применливи за учесниците;
    2. Поднесе барање за учество;
    3. Добие потврда од платниот систем КИБС за успешно поврзување со информатичкиот систем на операторот и исполнетост на останатите ИКТ услови, согласно документацијата обезбедена од операторот на платниот систам КИБС ;
    4. Пријави лица за контакт при учество;
    5. Достави информација за дозвола за основање и работење издадена од НБ (освен за Трезорите);
    6. Достави информација за отворена сметка за порамнување во НБ;
    7. Достави информација за овластување на операторот на платниот систем КИБС за задолжување на сметката на учесникот во МИПС;
    8. Склучи Договор за учество во платниот систем КИБС.

**Размена на податоци во платниот систем КИБС**

12. Активностите поврзани со учеството и размената на податоци во платниот систем КИБС, операторот на платниот систем КИБС и учесниците ги извршуваат со електронска размена на податоци преку телекомуникациско поврзување.
13. Условите и стандардите за пристап и користење на телекомуникациските мрежи, како и начинот на размена на податоци се регулирани со Техничко упатство за поврзување со платниот систем КИБС (Техничко упатство).
14. Видот на податоците кои се разменуваат, нивната форма, постапките и начинот на размена на податоците се регулирани со овие Правила и со Упатство за вид, форма и начин на размена на податоци (Упатство за размена).

15. Условите, времетраењето и начинот на размена на податоците се утврдуваат со овие Правила, Терминскиот план, Техничкото упатство, Упатството за размена и со договор меѓу операторот на платниот систем КИБС и учесникот.

**Термински план на платниот систем КИБС и Календар на работни денови на КИБС**

16. Временската рамка за извршување на дејствијата во платниот систем КИБС во текот на еден работен ден е уредена со Терминскиот план на платниот систем КИБС (Термински план). Временската рамка е усогласена со Календарот на работни денови на КИБС (Календар) кој е воедно и календар на платниот систем КИБС и ги опфаќа деновите во кои платниот систем ги обработува налозите за пренос. Операторот на платниот систем КИБС при промена на Календарот ги информира учесниците најрано три дена пред примена на промената.
17. Терминскиот план е усогласен со Терминскиот план за работа на МИПС во однос на меѓусебно поврзаните дејствија.
18. Учесниците се должни предвидените дејствија да ги извршуваат согласно Терминскиот план односно договореното време на извршување.
19. Деталниот опис на Терминскиот план за работа на платниот систем КИБС е Прилог на овие правила.

**Внесување, пресметка и порамнување на налозите за пренос во платниот систем КИБС**

20. Дејствијата во платниот систем КИБС вклучуваат:
    1. Проверка и внесување на налози за пренос од учесниците;
    2. Пресметување на финансиски обврски кои произлегуваат од налозите за пренос меѓу учесниците врз основа на клиринг;
    3. Порамнување помеѓу учесниците.
21. Операторот на платниот систем КИБС дејствува и како клириншка куќа и ги утврдува обврските на учесниците на нето принцип на мултилатерална основа, односно како нето разлика на еден учесник со сите други учесници.
22. Операторот на Платниот систем КИБС до НБ доставува податоци од платниот систем КИБС согласно пропишаните содржини, рокови и начин на доставување.

**Внесување, пренос на налози и пресметка**

23. Горната граница на износот на поединечните платежни трансакции во денари со мала вредност врз основа на кредитен трансфер е уредена со Одлука за горната граница на износот на плаќања со мала вредност.
24. По стекнување на статус на учесник, операторот на платниот систем КИБС отвора пресметковна сметка поодделно за секој учесник во платниот систем КИБС за евидентирање на налозите за пренос и утврдување на нето состојбата за порамнување.
25. Пресметковна сметка на учесник во платниот систем КИБС е сметка која се користи за евидентирање на износите од платежните трансакции на долговната страна

иницирани од истиот учесник и на износите од платежните трансакции на побарувачката страна во корист на тој учесник.

26. Состојбата на пресметковните сметки на секој од учесниците на почетокот на секој работен ден е нула.

27. Момент на внес се смета моментот за внес на налозите за пренос во платниот систем КИБС по претходно извршена проверка согласно Упатството за размена. Учесникот добива од операторот на платниот систем КИБС известување за неприфатените налози за пренос веднаш по извршената проверка и истите не се внесуваат во платниот систем КИБС.

28. Налозите за пренос кои се внесени со датум на валута од тековниот работен ден, се евидентираат на соодветните пресметковни сметки на учесниците.

29. Внесените налози за пренос се обезбедени за порамнување доколку се во рамките на расположливите средства на учесникот во Резервен Гарантен фонд (подетално опишан во дел 5.3), при што се применува принципот прв внесен - прв обезбеден.

30. Налозите за пренос можат да се повлекуваат од страна на учесникот се до моментот на крај на внес на налози за пренос согласно Терминскиот план.

31. Операторот на платниот систем КИБС врши пресметка и утврдува нето состојба на пресметковната сметка на учесникот за секој примен или повлечен налог за пренос.

32. Учесникот може да врши увид на својата моментална состојба на пресметковната сметка.

**Порамнување**

33. По завршениот внес на налози за пренос за работниот ден за кој се однесуваат, внесените налози за пренос стануваат неотповикливи односно не можат да се повлечат. За утврдената нето состојба операторот на платниот систем КИБС до секој учесник доставува извештај согласно Упатството за размена.

34. За учесниците на чиишто пресметковни сметки се утврдени негативни нето состојби, операторот на платниот систем КИБС до платниот систем МИПС доставува налог за пренос од сметките за порамнување на учесниците во НБ (сметка за порамнување на учесник) на сметката за порамнување на операторот на платниот систем КИБС во НБ (сметка за порамнување на операторот на платниот систем КИБС).

35. По добиената потврда од МИПС за успешно извршено задолжување на сметките за порамнување на учесниците со негативна нето состојба, операторот на платниот систем КИБС до МИПС доставува налог за пренос од својата сметка за порамнување до сметките за порамнување на учесниците со позитивна нето состојба.

**Конечност на порамнување**

36. Со извршување на активностите од (35), преносот е неотповиклив и безусловен односно порамнувањето е конечно и налозите за пренос вклучени во пресметката се сметаат за конечни кога истите се евидентираат на сметката на давателот на платежни услуги на примачот.

37. По добиено известување од НБ дека на учесник во платниот систем КИБС е одземена дозволата за работење или е отворена стечајна постапка, налозите за пренос иницирани од наведениот учесник, кои се внесени во платниот систем КИБС до моментот односно денот и времето на известувањето, се вклучуваат во пресметката и порамнувањето во одредениот работен ден, а оние по овој момент, се враќаат на учесникот за кого е изречена забраната за работење од страна на НБ или е отворена стечајна постапка. По извршеното порамнување, учесникот се исклучува од платниот систем КИБС. До моментот на исклучување на учесникот, за истиот важат одредбите од овие Правила и другите акти на операторот на платниот систем КИБС кои ги уредуваат дејствијата, правата и обврските на учесниците во платниот систем КИБС.

**Постапки за разрешување на неуспешно порамнување**

38. Во случај кога одреден/и учесник/ци нема доволно средства на сметката за порамнување, операторот на платниот систем КИБС добива порака од платниот систем МИПС со известување дека налогот за пренос од операторот (37) е во ред на чекање, заради неможност одреден/ни учесник/ци да се порамни/ат.

39. Доколку негативната нето состојба на учесник/учесници кој/и не можат да се порамнат е до висината на издвоеното индивидуално учество во РГФ (подетално објаснето во делот 5.3), порамнувањето за тој учесник/учесници се извршува со пренос на налог од РГФ на сметката за порамнување на операторот на платниот систем КИБС. За останатите учесници со негативна нето состојба, порамнувањето се извршува со налог за пренос од нивните сметки за порамнување на сметката за порамнување на операторот на платниот систем КИБС.

40. Доколку негативната нето состојба на учесник/ци е над висината на индивидуално издвоените средства во РГФ, порамнувањето за тој/тие учесник/ци се извршува со налог за пренос од РГФ до висина на индивидуалното учество во РГФ, а за остатокот од средствата со налог за пренос од сметката за порамнување на учесникот кон сметката за порамнување на операторот на платниот систем КИБС. За останатите учесници со негативна нето состојба, порамнувањето се извршува со налог за пренос од сметката за порамнување на учесникот.

41. Во случај порамнувањето од претходната точка да не се изврши, пресметката се поништува, и се изготвува нова пресметка по претходно исклучување на необезбедените налози за пренос. Исклучувањето на овие налози е по критериум на необезбедени средства над висината на средства на учесникот во РГФ. Исклучените налози за пренос од пресметката се враќаат на учесникот иницијатор.

42. Доколку примената на постапките уредени со (41) предизвикаат друг учесник да не може да се порамни, претходно наведените постапки се повторуваат сѐ додека не се изврши успешно порамнување на сите учесници. При повторување на пресметките, еднаш исклучените налози за пренос, согласно критериумот наведен во точката погоре, не се враќаат во следните пресметки. Повторувањето на пресметките е во согласност со терминските планови на платниот систем КИБС и МИПС, при што операторот на платниот систем КИБС го задржува правото да ги задолжи сите учесници до нивното индивидуално учество во РГФ.

43. По извршеното успешно порамнување, операторот на платниот систем КИБС до секој од учесниците доставува информации согласно Упатството за размена.

**Управување со ризици кај платниот систем КИБС**

44. Работењето на платниот систем КИБС е поставено на сеопфатна рамка и методологија за управување со ризиците согласно Одлуката за критериумите за класификацијата на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам.

**Оперативен ризик и ризик од сигурноста на информацискиот систем**

45. Операторот на платниот систем КИБС има воспоставено, ревидира и тестира политики, процедури и контроли за идентификуваање, следење и управување со оперативните ризици.
46. Операторот на платниот систем КИБС управува со капацитетите за платниот систем, со цел во секое време да има приспособлив капацитет соодветен за справување со зголемен обем на налози за пренос којшто се јавува во стресни ситуации.
47. Операторот на платниот систем КИБС има воспоставено сеопфатни политики за физичка и информациска безбедност со цел да се идентификуваат, оценуваат и управуваат сите потенцијални слабости и закани. Операторот на платниот систем ги ревидира овие политики најмалку еднаш годишно.
48. Операторот на платниот систем КИБС управува со ризикот од напади од дигиталниот простор, така што ги идентификува своите критични операции и средствата за поддршка и воспоставува соодветни мерки за нивна заштита, откривање, одговор и закрепнување од напади од дигиталниот простор. Овие мерки редовно се тестираат за да се осигури дека има соодветно ниво на подготвеност од нападите од дигиталниот простор, во која било ситуација, со цел навремено приспособување кон динамичната природа на овој тип ризици.
49. Операторот на платниот систем КИБС воспоставува план за непрекинатост во работењето, кој овозможува преку редовна анализа на влијанија да се утврдат приоритетни и критични оперативни активности, да се воспостават процедури за справување со кризна состојба и обнова на работата на платниот систем КИБС како и дефинирање на улоги и одговорности на одговорните лица во случај на појава на неочекуван прекин. Во случај на катастрофа на примарната локација, планот за непрекинатост предвидува на секундарната локација можност за враќање на работата на критичните системи за информатичка технологија по нарушувањето, со цел да му овозможи на платниот систем КИБС успешно да го заврши порамнувањето помеѓу учесниците до крајот на работниот ден.
50. Учесникот остварува комуникација со платниот систем КИБС преку затворената мрежа ФиНет (intranet), чиј сопственик и администратор е КИБС и која овозможува безбедна и контролирана околина за комуникација. Во случај на недостапност на ФиНет мрежата, комуникацијата се остварува преку закупени телекомуникациски линии согласно Техничко упатство за поврзување со платниот систем КИБС.
51. Секој учесник е должен да пријави кај операторот на платниот систем КИБС електронски квалификуван сертификат за напреден електронски печат издаден од КИБС, кој е овластен издавач на сертификати. Учесникот е должен кај себе да го инсталира јавниот електронски сертификат на КИБС, доставен од страна на операторот. Размената на

податоците во платниот систем КИБС, помеѓу учесниците и КИБС се врши со задолжителна автентикација со квалификуваните сертификати за напреден електронски печат, со цел гарантирање на автентичност и интегритет на податоците. Квалификуваниот сертификат за напреден електронски печат учесникот го набавува независно од овие Правила.

52. Учесникот треба да воспостави непрекинатост во работењето и да обезбеди обработка на податоците за пренос на средства во вонредни услови.

53. По барање на операторот на платниот систем КИБС, учесниците се должни да учествуваат во редовни и вонредни тестирања, за решавање вонредни ситуации и обезбедување непрекинатост во работењето.

54. Во случај на привремена техничка неможност на електронска размена на податоци по телекомуникациски пат, кога постои опасност и неможност поради виша сила, операторот на платниот систем КИБС определува посебни услови и начини за размена на податоци, согласно Техничко упатство.

55. Во случај на прекин на електронско извршување на размената на податоци со МИПС, се постапува согласно Упатство за размена на податоци со МИПС во случај да не функционира програмот за електронска размена на пораки.

56. Учесникот презема соодветни и сразмерни технички, оперативни и организациски мерки за управување со ризиците кои претставуваат закана за нивните мрежи и информациски системи преку кои тие ги обезбедуваат своите услуги и комуникацијата со платниот систем КИБС, како и да се спречи или сведе, на најмала можна мера, влијанието на инцидентот врз корисниците на нивните услуги и на други услуги согласно законските одредби од оваа област.

57. Учесникот соработува и ги известува надлежните институции за секој значителен сигурносен инцидент што има влијание врз обезбедувањето на нивните услуги и да ги доставуваат потребните информации до надлежните институции со кои ќе се овозможи утврдување на влијанието на инцидентот надвор од информациониот систем на учесникот.

**Ликвидносен ризик**

58. За управување со ликвидносниот ризик во платниот систем КИБС, воспоставен е гарантен механизам или Резервен Гарантен Фонд (РГФ) во согласност со Законот, со кој се обезбедуваат средства од учесниците во платниот систем КИБС за успешно порамнување.

**Гарантен механизам во платниот систем КИБС (РГФ)**

59. РГФ се основа за исполнување на обврските на платниот систем КИБС за порамнување на налозите за пренос, односно за обезбедување доволно ликвидни средства за успешно порамнување.

60. Правниот основ произлегува од Законот и од Одлуката за критериумите за класификација на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам донесена од НБ. Во случај на промена на правниот основ се врши и усогласување на работењето на РГФ.

61. РГФ се формира од средства на учесниците во платниот систем КИБС согласно овие Правила. Операторот на платниот систем КИБС управува со средствата во РГФ, а истите се во сопственост на учесниците во платниот систем КИБС.

62. РГФ е наменет и се користи единствено за обезбедување на порамнувањето во платниот систем КИБС во случај кога учесник не може да ги подмири обврските од неговата сметка за порамнување во НБ за покривање на неговата нето изложеност. Средствата на РГФ не може да се користат за други намени.

**Управување со РГФ**

63. Со РГФ управува операторот на платниот систем КИБС согласно овие Правила.

64. Средствата во РГФ кои се во исклучива сопственост на учесниците и како финансиски обезбедувања, врз основа на позитивни прописи, уплатени се на посебна сметка на операторот на платниот систем КИБС отворена во МИПС и издвоени од сметководствените извештаи на КИБС АД Скопје и истите:

- не влегуваат во активата на КИБС АД Скопје,
- не влегуваат во стечајна или ликвидациона маса во случај на стечај или ликвидација на КИБС АД Скопје,
- не можат да бидат предмет на никакво присилно извршување односно присилна наплата од страна на овластени извршители или трети лица како средства за намирување на било какви обврски на КИБС АД Скопје по било кој основ и
- не можат да бидат искористени за плаќање ниту пак за било какво обезбедување за било какви обврски на КИБС АД Скопје по било кој основ.

**Издвојување и одржување на средства во РГФ**

65. Платниот систем КИБС секој работен ден, по завршен внес на налози за пренос за тековниот ден, врши утврдување на почетното/дневно индивидуалното учество на учесник во РГФ за наредниот работен ден кое треба да е еднакво на максималното нето дневно изложување на учесник во пресметката на платниот систем КИБС во последните 400 календарски дена.

Учесникот го информира операторот за изборот на еден од двата начина за одржување на своето учество во РГФ, согласно пресметката од претходниот став:

- Учесникот еднаш уплатениот износ го одржува во РГФ така што остатокот од истиот не му се враќа во целост на крајот на секој работен ден на платниот систем КИБС, откако ќе биде извршено порамнувањето или
- Уплата во тек на работниот ден во РГФ и поврат на остатокот од средствата во целост од РГФ на крај на секој работен ден на платниот систем КИБС, откако ќе биде извршено порамнувањето. Во моментот кога платниот систем КИБС започнува со проверка на содржината на налозите за пренос, учесникот се вклучува во платниот систем КИБС само за приливни трансакции се до моментот на добиено известување од МИПС до КИБС, за уплата од страна на учесникот на сметката за РГФ. Доколку учесникот не го уплати износот во целост или го уплати делумно во работниот ден за кој се однесува неговото утврдено учество во РГФ, за истиот се постапува согласно точките 71 и 74 и сите последователни одредби кои произлегуваат од нив. Притоа, првиот работен ден во кој учесникот треба да ја изврши уплатата се засметува во рокот определен во точките 74 и/или 79.

Учесникот може да го менува начинот на одржување на учеството во РГФ на месечно ниво, а со претходна согласност на операторот може да го менува и во пократок период.

66. За утврдениот износ од точка (65) секој учесник има обврска за издвојување на средства во РГФ на сметката за РГФ во МИПС. Издвоените средства се коригираат/одржуваат до износ на нето изложувањето по извршената пресметка во тековниот работен ден.

67. На индивидуалното учество во РГФ се утврдува зголемување во случај кога учесник при порамнувањето во еден работен ден има нето изложување поголемо од неговото индивидуално учество во РГФ и истовремено во тој ден нема доволно средства за порамнување на неговата сметка за порамнување во МИПС. Зголемувањето се врши со коефициент пресметан како количник од нето изложувањето и издвоените средства на учесникот во РГФ за денот во кој учесникот има максимално нето изложување, земајќи ги предвид податоците од последните 400 дена. Коефициентот се применува на максималното нето изложување од последните 400 дена. За секое следно зголемување на нето изложеноста на учесникот над издвоените средства и истовремено во тој ден да нема доволно средства за порамнување на неговата сметка за порамнување во МИПС, се врши утврдување на нов коефициент. Обврската за издвојување повеќе средства по утврден коефициент престанува по истекот на 400 дена од последното утврдување на коефициент.

68. Нов учесник во РГФ иницијално издвојува средства во РГФ согласно најниското поединечно учество во РГФ, на денот на приклучување на новиот учесник. Во случај кога се спојуваат и преземаат меѓусебно учесници, учесникот кој продолжува да работи во платниот систем КИБС иницијално треба да извои средства во РГФ кои се збир од поединечните учества на учесниците со состојба од последниот работен ден кога имале индивидуално учество. Секое наредно издвојување и одржување на средства во РГФ учесникот го врши согласно точка (65).

69. За утврдениот износ од точка (65-68) на денот на пресметката, секој учесник има обврска за издвојување и одржување на средства во РГФ со пренос на средства во полза на сметката за РГФ отворена во МИПС до крајот на работното време на МИПС.

70. Операторот на платниот систем КИБС има обврска да ги врати повеќе издвоените средства во однос на ново утврдено максимално нето изложување во последните 400 дена, од сметката на РГФ во полза на сметката на учесникот до крајот на работното време на МИПС во тековниот работен ден. На барање од учесник, кај првиот начин од точка 65, операторот на платниот систем КИБС не ги враќа повеќе издвоените средства. Кај вториот начин од точка 65, повратот на повеќе издвоените средства претходи на повратот на остатокот од средства во целост.

71. Доколку учесникот издвои помалку средства од утврдено индивидуално учество во РГФ, согласно точка (65), (66) и (68) тогаш се смета дека учесникот користел средства од РГФ согласно точка (74 и 75).

72. Учесникот може да издвои средства и над износот утврден со точка (65), (66) и (68) од овие правила но не повеќе од утврденото индивидуално учество во РГФ зголемено за два пати. Издвоените средства над утврдениот износ операторот на платниот систем КИБС ги враќа на барање на учесникот.

73. За утврдениот износ од точка (65-68) операторот на платниот систем КИБС, по извршената пресметка за тековниот работен ден, доставува известување до секој учесник кај кого настанала промена на индивидуалното учество во РГФ.

КИБС
Клириншка куќа

**Користење на средства од РГФ**

74. На учесникот кој делумно искористил средства од РГФ, до повторното надополнување, на располагање му се преостанатите издвоени средства во РГФ. Доколку учесникот 7 (седум) последователни работни дена користи средства од РГФ, следниот работен ден се исклучува од можноста да иницира налози за пренос. Доколку учесникот целосно ги искористи издвоените средства во РГФ, операторот веднаш го исклучува учесникот од можноста да иницира налози за пренос, се до негова уплата на потребните средства во РГФ.

75. При користење на средства од РГФ, операторот на платниот систем КИБС веднаш доставува известување до учесникот кој користел средства и известување до НБ.

**Враќање на искористени средства во РГФ**

76. Искористените средства се враќаат во најкраток можен рок, до крајот на работното време на МИПС.

77. Искористените средства учесникот може да ги врати во РГФ се до моментот на исклучувањето на учесникот согласно точка (79). Со враќање на средствата во РГФ се вклучува можност да иницира налози за пренос.

**Завршување на задолжувањата кон РГФ**

78. Задолжувањето кон РГФ се смета за завршено доколку учесникот ги врати искористените средства, а истовремено на крајот од следниот работен ден по задолжувањето кон РГФ, не се појави ново задолжување кон РГФ од страна на истиот учесник.

79. Доколку задолжувањето на учесникот не е завршено и по седум последователни работни дена во кои учесникот е исклучен за иницирање налози за задолжување, тогаш следниот работен ден се исклучува од можност за иницирање и примање на налози за пренос во платниот систем КИБС согласно овие правила, а преостанатите средства во РГФ се враќаат на учесникот.

**Статусни промени на операторот и учесник во РГФ**

80. Доколку над деловното работење на КИБС е покрената стечајна или ликвидациона постапка, операторот на платниот систем КИБС престанува да управува со средствата на РГФ и истите ги враќа на учесниците.

81. Доколку над учесникот биде отворена стечајна или ликвидациона постапка, биде трајно исклучен од учество во платниот систем КИБС, трајно му се одземе дозволата за работа, или доброволно истапи од учество, издвоените средства се враќаат на учесникот.

82. Доколку на операторот на платниот систем КИБС му престане обврската уредена со точките (59-62) од овие Правила, издвоените средствата во РГФ се враќаат на учесниците соодветно на нивното учество најдоцна следниот работен ден.

**Известување за промени во РГФ**

83. Извештаите за настанати промени на состојбата на средства во РГФ, како и редовните квартални извештаи се доставуваат до НБ согласно обврската која произлегува од Законот и подзаконските акти.

84. За исклучувањето на учесник од иницирање налози за пренос и целосното исклучување од платниот систем КИБС се известуваат сите учесници во платниот систем КИБС и НБ.

## Неисполнување на договорните обврски од страна на учесник, исклучување на учесник и раскин на договорот за учество во платниот систем КИБС

85. Во случај учесник да не постапува согласно овие Правила, договорот и останатата документација врз основа на кои е уредено работењето на платниот систем КИБС и кои се доставени до и прифатени од учесникот, операторот го известува учесникот за видот на неусогласеноста, како и мерките кои треба да ги преземе, и воедно го известува дека ќе биде исклучен од платниот систем КИБС доколку во дадениот рок не ги отстрани наведените неусогласености. Рокот за отстранување на неусогласеностите зависи од видот на истите и колку тие го загрозуваат платниот систем. Рокот за усогласување за случаите за кои истиот не е наведен во овие правила е најмногу 60 дена. По проценка на операторот во рокот превиден за усогласување, учесникот може да биде исклучен делумно за прилив или за одлив, вклучувајќи ги одредбите од 5.3.3, или до определен лимит за максимална негативна нето состојба. Учесникот кој и после известувањето не постапи согласно наведеното во оваа одредба односно известувањето добиено од операторот, се исклучува од платниот систем КИБС и договорот за учество во платниот систем се смета за раскинат.

86. Платниот систем КИБС без известување го исклучува учесникот во случаите кога:

- Добива известување за постапување по решение издадено од НБ (за отворање на стечајна постапка, одземање на дозвола за работа и слично);
- Добива известување за постапување по решение издадено од НБ за ограничување на работењето на учесникот, при што исклучувањето е во сила се додека НБ не достави друго известување (целосно за прилив и одлив, делумно или за прилив или за одлив или до определен лимит за максимална негативна нето состојба);
- Престане да исполнува некои од условите за учество во платниот систем КИБС, вклучувајќи ги одредбите во 5.3.5;
- На друг начин го загрозува работењето на платниот систем КИБС, операторот и учесниците и претставува ризик и закана за нив;
- Нема подмирено обврски кон операторот на платниот систем КИБС согласно Тарифата за надоместоци подолго од 90 дена од моментот на нивното настанување и за истото е претходно известен од операторот.

Во случај на став 1 од оваа точка, учесникот се исклучува веднаш и трајно од платниот систем КИБС и договорот за учество во платниот систем се смета за раскинат.

Во случај на став 2 од оваа точка, учесникот се исклучува за активноста согласно известувањето добиено од НБ.

Во случаеви предвидени со ставовите 3, 4 и 5, учесникот се известува дека е исклучен од можноста за иницирање и прием на налози за пренос. Во овие случаи учесникот се известува дека има можност за повторно вклучување во платниот систем во рок од 60 дена под услов на престанок на околностите во овие точки, а доколку тоа не се случи договорот за учество се смета за раскинат.

87. Операторот на платниот систем КИБС го исклучува учесникот по негово барање за раскинување на договорот за учество во платниот систем КИБС, со истек на отказниот рок за раскин од 3 (три) месеци по доставеното барање. Во случај кога се врши промена на Правилата, а учесникот извести дека не ги прифаќа променетите правила и поднесе барање за раскинување на договорот за учество во платниот систем КИБС, рокот за исклучување е заклучно со почетокот на рокот на примена на променетите правила, а исклучувањето се врши врз основа на добиено барање од учесникот за раскин на договорот и исклучување од платниот систем.
88. Во случај на дејствија предвидени со 5.3.6 се смета дека учесникот е исклучен од платниот систем КИБС и договорот за учество е раскинат.

**Права и обврски на операторот на платниот систем КИБС и учесниците во платниот систем КИБС**

89. Операторот на платниот систем КИБС при управувањето:

- ги утврдува овие Правила и актите согласно кои работи платниот систем КИБС, се грижи за нивна примена и постојана усогласеност со важечката регулатива,
- носи соодветни одлуки во интерес на платниот систем и учесниците, согласно интерни правила за управување со платниот систем кој самиот ги утврдува за потребите на непречено работење на платниот систем КИБС,
- обезбедува учество на учесниците во платниот систем КИБС, согласно правилата, договорот за учество во платниот систем и другите акти доставени со учесникот,
- за учество во платниот систем КИБС обезбедува објективни, недискриминаторски и пропорционални услови,
- ја одржува дозволата за оператор на платен систем добиена од НБ,
- се грижи постојано да ги исполнува одредбите во платниот систем МИПС, договорот за учество во платниот систем МИПС и другите акти на МИПС, во кој учествува,
- отвара сметка за порамнување и сметка за потребите на резервниот механизам во МИПС,
- овозможува внес, клиринг и порамнување на налозите за пренос, коишто ги исполнуваат одредбите од овие правила,
- обезбедува безбеден пристап на учесниците до системот, како и доверливост на примените и зачуваните информации кај операторот на платниот систем КИБС,
- обезбедува сигурна и безбедна комуникациска средина за работа на платниот систем КИБС,
- ги дефинира барањата за безбедност и непрекинатост во работењето на учесниците,
- овозможува околина за спроведување тестови при промени во системот, на барање на учесник во КИБС и при вклучување нов учесник,
- го објавува Календарот на работни денови на КИБС,
- ги пресметува и ги наплатува надоместоците за учество во платниот систем КИБС,

- постапува по известувањата од учесниците, особено оние поврзани со проблем во врска со услугите што ги обезбедува на учесниците, истите соодветно да ги разрешува и за тоа да соодветно да ги известува учесниците,
- навремено да ги известува учесниците и субјектите од интерес за прашањата од значење за работењето на платниот систем КИБС и/или кои се поврзани со користењето на услугите, согласно одредбите од овие Правила и
- ги известува останатите учесници за датумот на започнување со работа на нов учесник односно за датумот на исклучување на постоечки учесник во/од платниот систем КИБС, како и за останати промени во дејствијата на учесниците во платниот систем КИБС.

90. Учесникот во платниот систем КИБС се обврзува:

- да ги исполнува одредбите од правилата, договорот за учество во платниот систем КИБС и другите акти со кои е уредено работењето на платниот систем КИБС,
- да обезбеди покритие на своите сметки за порамнување во МИПС заради исполнување на обврските коишто произлегуваат од порамнувањето на налозите за пренос,
- да достави налози за пренос за кои има обезбедено средства во Резервниот гарантен фонд,
- да достави овластување за Операторот на платниот систем КИБС во МИПС да издава налози за пренос на товар на сметката на учесникот за порамнување во МИПС, заради покривање на негативните нето состојби при порамнувањето,
- да иницира налози за пренос согласно одредбите од овие правила,
- да обезбеди точни податоци во налозите за пренос,
- да го извести операторот на платниот систем КИБС за секој проблем во врска со учеството во платниот систем КИБС преку каналите за комуникација,
- да соработува во врска со испитувањето, утврдувањето и разрешувањето евентуален проблем,
- да го почитува секое упатство, соопштение или известување дадено од страна на операторот на платниот систем КИБС во врска со користењето на услугите доколку истото не е спротивно на одредбите и целта на овој Правилник и Договорот за учество во платниот систем КИБС и да се придржува кон истите,
- да ги исправи веднаш евентуалните грешки коишто може да се појават во текот на работењето, коишто се во негова одговорност,
- веднаш да му укаже на операторот на платниот систем КИБС доколку забележи било какви грешки или неправилности кај операторот или било кој од учесниците со цел нивна навремена корекција, како и да доставува предлози за подобрување на работењето на платниот систем КИБС,
- да одговори исправно и брзо на секоја процедура за исправка на грешките или на мерките коишто ги преземаат овластените лица од страна на операторот на

платниот систем КИБС за да се отстрани евентуалниот проблем во врска со обезбедувањето на учество во платниот систем КИБС,

- да ги извести контакт лицата кај операторот на платниот систем КИБС веднаш штом увиди некакви закани за безбедноста, што може да влијаат на учеството во платниот систем КИБС, и да ги извести контакт лицата кај операторот веднаш штом увиди некакви неавторизирани активности во платниот систем КИБС.
- да го користи учеството во платниот систем КИБС согласно намената и исклучиво во согласност со важечката регулатива и актите за работењето на платниот систем КИБС, во спротивно одговорен е исклучиво учесникот.

**Измени и/или дополнувања на Правилата**

91. Операторот на платниот систем КИБС може да врши измени и/или дополнувања на овие Правила и на другите акти со кои се регулира работењето на платниот систем КИБС и условите под кои може да се користи истиот.
92. Операторот на платниот систем КИБС е должен да поднесе барање до НБ за добивање на претходна согласност од гувернерот за секоја измена и/или дополнување на овие Правила.
93. По добивање на согласност од страна на НБ за извршените измени на правилата, Операторот на платниот систем КИБС ги известува учесниците најмалку 30 дена пред нивната примена, кога е можно. Доколку оцени дека е потребен подолг период за нивно спроведување, операторот на платниот систем КИБС може да го продолжи овој рок за што ги известува истите.
94. Операторот на платниот систем КИБС е должен да достави копија на усвоениот текст за измена и/или дополнување на правилата за работа на платниот систем КИБС до НБ, како и пречистен текст на правилата за чија измена и/или дополнување добил согласност, во рок од 3 (три) дена од денот на нивното усвојување.

**Платни инструменти**

95. Платните инструменти кои се користат во платниот систем КИБС се базирани на кредитни трансфери.

**Надоместоци на операторот на платниот систем КИБС**

96. Операторот на платниот систем КИБС за учеството во платниот систем КИБС, од учесниците наплатува надоместок кој се утврдува со Тарифа.
97. Надоместокот кој не е регулиран со Тарифата се наплатува по износ кој операторот на платниот систем КИБС го договара со секој од учесниците.
98. Операторот на платниот систем КИБС е должен за секоја промена на надоместоците што ги наплатува од учесниците во платниот систем КИБС да ги информира согласно рокот наведен во Законот.

**Користење и заштита на информациите**

99. Примените информации за налози за пренос преку платниот систем КИБС, учесниците ги користат исклучиво за намената за која се добиени. Не е дозволена понатамошна

дистрибуција на информации на други учесници или други правни лица освен во случаи предвидени со закон.

100. Операторот на платниот систем КИБС и учесниците се должни со личните податоци да постапуваат согласно со Законот за заштита на личните податоци и сопствените интерни акти кои ја регулираат заштитата на лични податоци, а кои се во согласност со законот.

101. Секој учесник е одговорен за штетата предизвикана од непочитувањето на безбедноста на податоците и заштитата на личните податоци.

**Време на чување на информациите**

102. Внесените информации за налози за пренос во платниот систем КИБС кои содржат лични податоци се чуваат најмалку 10 (десет) години по истекот на календарската година во која е извршен преносот. Останатите информации се чуваат 5 (пет) години, а документите поврзани со учеството во платниот систем КИБС, учеството во МИПС и надзорот над платниот систем КИБС се со трајна вредност.

103. Подолго чување од предвиденото е можно согласно потреби и можности за архивирање и истото е единствено за интерни потреби и анализи на операторот на платниот систем. Платниот систем КИБС нема обврска да ги доставува до било кои трети страни информациите кои се чуваат подолго согласно претходната точка од овие Правила ниту да споделува било какви податоци поврзани со истите.

104. Информациите за налози за пренос во платниот систем се чуваат по датум на пресметка во електронска форма.

105. Редистрибуција на испратени информации од платниот систем КИБС е можно во рокот предвиден за чување со плаќање надомест за редистрибуцијата согласно Тарифа на надоместоци за извршени услуги (Тарифа), освен на потреба од редистрибуција по вина на операторот на платниот систем КИБС.

**Обелоденување на правила и податоци**

106. Операторот на платниот систем КИБС на својата веб страница јавно ги објавува овие Правила, Терминскиот план, Тарифата за надоместоци, како и учесниците во платниот систем КИБС.

**Начин на комуникација и контакт лица**

107. Операторот на платниот систем КИБС преку каналите за комуникација ги известува учесниците за контакт лицата надлежни за решавање на рекламации и давање поддршка за учесниците како и за податоците за контакт. Контакт лицата на операторот на платниот систем КИБС се на располагање секој работен ден во рамки на работното време на КИБС.

108. Секој учесник е должен да пријави контакт лица и ажурно да го известува операторот на платниот систем КИБС за измените на контакт лицата или нивните податоци за контакт. Операторот на платниот систем КИБС не е одговорен за доставени информации до лица за контакт кои учесникот навремено не ги одјавил или не ги ажурирал податоците, ниту е одговорен доколку учесникот не ги прими информациите уредно доставени од операторот на платниот систем КИБС до наведеното контакт лице кое не е навремено одјавено/ажурирано.

109. Комуникацијата меѓу контакт лицата се врши со електронски пораки преку контакт адресите на операторот на платниот систем КИБС и преку соодветна платформа за пријавување на предметот на комуникација. По исклучок, може да се комуницира и преку останатите канали за комуникација на операторот на платниот систем КИБС со обврска кога за тоа има услови, комуникацијата да се повтори преку контакт адресите односно платформата на операторот.

**Рекламации**

110. Учесниците пријавуваат по електронски пат рекламации по основ на повреда на правилата на работењето. Рокот за поднесување на рекламацијата е најдоцна до 7 (седум) работни дена од денот за кој истата се однесува, а за поднесени рекламации по истекот на овој рок операторот на платниот ссител КИБС не е должен да одговори по истите.

111. Операторот на платниот систем КИБС е должен во рок од 10 (десет) работни дена од приемот на рекламацијата да ја утврди фактичката состојба и да го извести поднесувачот за преземените активности. Доколку има оправдани причини, КИБС може да го продолжи овој рок и за истото го известува поднесувачот.

112. Операторот на платниот систем КИБС прима рекламации само во периодот на чување на информациите. По истекот на рокот за чување, операторот не е должен да одговори по рекламацијата.

113. При разгледувањето на рекламацијата учесникот е должен да соработува со операторот на платниот систем КИБС и да ги достави сите барани податоци во врска со работењето, во спротивно операторот не е должен да одговори по рекламацијата. Како валидни податоци се земаат податоците во платниот систем КИБС и податоците од учесникот.

**Ниво на услугата**

114. Обврските на операторот на платниот систем КИБС за нивото на услугата согласно овие Правила и законските одредби се извршуваат согласно нивото на услуга кое операторот го определува и обезбедува на своите учесници, кое се врши дополнително.

115. Учесниците може да бараат од операторот на платниот систем КИБС поинакво ниво на услуга и дополнително да го дефинираат. Операторот го разгледува барањето и истото може да го прифати, одбие или да предложи измена на барањето.

116. Операторот на платниот систем КИБС не смее да договори поинакво ниво на услуга со учесник ако истото ги загрозува интересите на некој од другите учесници.

**Сопственички и авторски права**

117. Сите права на сопственост и сите авторски и други сродни права без исклучок (вклучувајќи ги, но не ограничувајќи ги правата на копирање, методите, процедурите и знаењето), кои се однесуваат на платниот систем КИБС обезбедени и развиени од страна на операторот на платниот систем КИБС АД Скопје, се во целосна негова сопственост.

118. Забрането е користење, копирање и дистрибуција на информациите кои се дел од овој Правилник и/ или актите со кои се уредува работењето на платниот систем КИБС во целост и/или во делови за други намени освен за користење на истите преку операторот на

платниот систем КИБС или нивно користење по добивање на соодветно писмено одобрување од страна на операторот.

**Завршни одредби**

119. Доколку врз основа на извршениот надзор од страна на надлежна институција или врз основа на извршената самопроценка е издадено барање или препорака до операторот на платниот систем КИБС, а која наметнува обврска таа да биде спроведена од страна на учесниците во платниот систем КИБС, истите се должни соодветно да постапуваат.
120. Овие Правила за кои е добиена соодветна согласност односно дозвола од НБ стапуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат согласно точка 93 погоре.
121. Со примена на овие Правила престанува да важи 11.73 Правила за работа на платниот систем КИБС в.4.0 со арх.бр. 0202-2/34 од 12.06.2024 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Горан Анастасовски

Прилог: 4-11.73.01 Термински план за работа на платниот систем КИБС